Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 111/2008, 64/2009, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и („Службен весник на РСМ“ бр. 122/21), член 22 став 1 точка 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 15 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и деветтата редовна седницата одржана на 28.12.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавната чистота во**
**Општина Валандово за 2024 година**

## 1. Вовед

Програмата за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Валандово за 2024 година ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности и начинот на нивното финансирање.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- густината на населеноста;
- фреквенцијата на луѓе и моторни возила;
- степенот на нечистотија;
- степенот на пречки (паркирани возила, диви продавачи и др.);
- инфраструктурните сообраќајни услови;
- делувањето на градежните оперативи, кои со своите возила се јавуваат како едни од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини на јавните објекти, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување.

Сопствениците, односно корисниците на отворени простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

## 2. Вид, обем, динамика и начин на извршување на работите

Одржување на јавната чистота ќе се состои од:

- Метење и миење на улиците и булеварот како и метење на сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота.

## 3. Поставување садови за отпад и обезбедување на јавни санитарни јазли

За одржување на јавната чистота на јавните површини и отворени простори пред јавни објекти, онаму каде што нема, ќе се постават соодветни садови за фрлање на отпадоци и ќе се обезбедат јавни санитарни јазли.

## 4. Чистење на диви депонии

Физичкиот обем на работите и локалитетите ќе се одредуваат месечно, според согледувањата на терен, од страна на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Исчистените диви депонии се потврдуваат со доставување на месечен преглед од страна на Јавното комунално претпријатие, а на кој одобрување дава Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

**5. Начин на финансирање**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Валандово ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Валандово за 2023/2024 година, Програма Ј4 и истите изнесуваат 1.200.000,00 денари.

**6. Извршител на програмата**

Задолжен субјект за извршување на активностите предвидени со оваа Програма е ЈП „Комунален сервис“ Валандово.

ЈП „Комунален сервис“ Валандово изготвува годишна програма за работа во која се содржани вкупните површини, бројот и категоријата на улиците поименично, бројот на извршителите, ангажиранаta механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

**7. Надзор над извршувањето на Програмата**

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.

Инспекциски надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за инспекциски надзор на Општина Валандово.

**8. Завршни одредби**

Програмата за одржување на јавна чистота на Општина Валандово за 2024 година влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Советот на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков